Врз основа на член 384 став 2 точка 2, а во врска со член 483, член 487 и 490 од Законот за трговските друштва, член 70 од Законот за супервизија на осигуруање, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот бр.02-4027/8-1 од 28.04.2017 година на **Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 5, точка 6 и точка 7 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, акционерите на друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година** одржано на **27.04.2018 година** ја усвоија следната:

Предлог одлука

# ОДЛУКА

**за распоредување на добивката, исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

1. Друштвото има остварена нето добивка во деловната 2017 година во износ од **95.704.029,00** денари. Добивката во износ од **95.704.029,00** денари ќе се распореди на следниот начин:
   - резерви на сигурност **31.901.343,00** денари,
   - дивиденда **49.504.878,00** денари,
   - нераспоредена добивка **14.297.808,00** денари,
2. Дивидендата која ќе им се подели на акционерите на Друштвото е во износ од **69,00 денари** по акција или **5.38%** од номиналната вредност на една акција **(Euro 20,84).**
3. Утврдената дивиденда ќе се исплати согласно следниот:

**ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР**

| | |
|---|---|
| 1.Датум на евиденција | 16.05.2018 |
| 2.Последен ден на тргување со право на дивиденда | 14.05.2018 |
| 3.Прв ден на тргување без право на дивиденда | 15.05.2018 |
| 4.Датум на почеток на исплата на дивиденда | 28.05.2018 |
| 5.Последен рок за исплата на дивиденда | 30.09.2018 |

4. Утврдената дивиденда ќе се исплати во готово.
5. За исплатата на дивиденда, како и за дивидендниот календар акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________________